20257

pres-kliping • press-clipping

1952 — 1972

NOVINSKA DOKUMENTACIJA

NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,

Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1

Isečak iz lista

Newspaper cutting

ВЕЧЕР

СКОПЈЕ

- 6. V. 1972

ИЗЛОЖБИ

# Камен, доблести и тага

Во изложбените простории на Друштвото на ликовните уметници на Македонија во Скопје, деновиве е отворена самостојна изложба на новопримениот член на ДЛУМ, Илија Лафазановски, академски скулптор.

На оваа своја прва самостојна изложба во главниот град на нашата Република, Илија Лафазановски се претставува со 18 скулптури работени во камен.



ИЛИЈА ЛАФАЗАНОВСКИ: „КОМПОЗИЦИЈА" (камен)

Поведовме краток разговор со скулпторот Илија Лафазановски интересирајќи се за неговите ликовни тематски преокупации.

— Во моето творештво, рече Лафазановски, доминантна тема е младоста; со сите свои неповторливи карактеристики. Преку скулптурите се трудам и настојувам да го акцентирам внатрешниот ритам на младоста, да ги доловам сите таинствени чувства и сите темпераментни изблици што произлегуваат од тој ритам. Се разбира оваа тема ја чувствувам сосем посредно со оглед и на тоа што и јас како автор сè уште претставувам дел од таа младост. Но јас не трагам и не ги истражувам само доблестите во најдобрите години на човековата егзистенција. Во мојот творечки тематски домен подеднакво настојувам преку каменот да ги обликувам и тагата и копнежот што исто така се присутни уште во најраната младост.

Досега, скулпторот Илија Лафазановски има излагано два пати самостојно и во Брашов, СР Германија, каде што има и завршено Академија за ликовни уметности. Со оглед на тоа што се школувал во Романија, Лафазановски подолго време беше член на Друштвото на романските ликовни уметници и беше застапуван на сите позначајни репрезентативни изложби. За своето творештво тој бил и повеќе пати наградуван.

Т. Ширилов